До:
[redacted]
ул.„Иво Лола Рибар“ б.б.
Општина Валандово
2460 Валандово

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

| Примено: 16.05.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 514/1 | | |

Арх. знак 1008
Рок на чување 5г.
16-05 23 год.
Потпис ВЛ

**Барање**

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Според јавната достапност на буџетските документи на официјалната веб страна и Службен Гласник наопштина Валандово,потребни ни се следните информации:

1. Квартални извештаи (К1, К2 и К3 обрасци) за 2022 година, односно за првиот, вториот, третиот и четвртиот квартал од 2022 година.
   Доколку се објавени на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истите, во спротивно да ни ги доставите во електронска форма.

2. Годишен извештај за работењето на општината за 2022 година.
   Доколку е објавен на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истиот, во спротивно да ни го доставите во електронска форма.

3. Граѓански буџет за било која година.
   Доколку е објавен на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истиот, во спротивно да ни го доставите во електронска форма.

4. Отчет за 2022 година
   Доколку е објавен на Вашата веб страна, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истиот, во спротивно да ни ги доставите во електронска форма.

5. Спроведен граѓански форум (буџетски, програмски) во 2022/23 година за вклучување на граѓаните во носењето на локални политики за следната година.
   Доколку имате спроведено граѓански форум или друга форма на прибирање предлози од граѓаните, Ве молиме да ни доставите Записник од истиот. [redacted]

6. На кој начин ги известувате граѓаните дали нивните предлози ќе бидат вклучени во програмите за буџетот за следната година? Ве молиме да ни доставите прилог од истото.

7. На кој начин ги известувате граѓаните за статусот на имплементација на нивните предлози кои се вклучени во програмите за буџетот (објава на веб страна, презентација, средба, писмено соопштение)? Ве молиме да ни доставите прилог од истото.

8. Стратегија за управување со ризици [redacted]

Доколку е објавена на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме да ни доставите линк од истата, во спротивно да ни ја доставите во електронска форма.

9. Дали граѓаните редовно присуствуваат на седниците на општинскиот Совет? Дали Седниците се отворени или граѓаните треба претходно да се пријават за присуство? [redacted]

10. На кој начин општината ги информира граѓаните за јавните расправи или седници на Советот на кои можат да присуствуваат? [redacted]

11. Дали Извршната власт организирала јавна расправа по основ на Завршна сметка на општината за 2022 година? [redacted]

12. Доколку не, дали на седницата на Советот при изгласување на Завршната сметка, имало присутни граѓани? [redacted]

Форма во која се бара информацијата:
а) увид
б) препис
в) фотокопија
*г) електронски запис*
д) друго-----------------------------------------------------------------------
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) по пошта
б) телефон
в) факс
*г) е-маил* **ceaorgmk@gmail.com**
д) друго-----------------------------------------------------------------------
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

**Барател на информацијата:**
[redacted]

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Место: [redacted]

Датум:16.05.2023

РЕПУБЛИКА ... ОНИЈА
ОПШ... ...ВО
10-514/2
06-06-2023 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Градоначалникот на Општина Валандово, постапувајќи по барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted], заведено под број 10-514/1 од 16.05.2023 година, врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 101/19), член 50 став 1 точка 11 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002), член 36 став 1 алинеја 5 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, донесе

# РЕШЕНИЕ

## за усвојување на Барање за пристап до информации од јавен карактер

1. **СЕ УСВОЈУВА** Барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted], заведено под број 10-514/1 од 16.05.2023 година.

2. Информацијата од јавен карактер која се бара, Општина Валандово како имател, ќе ја даде преку овластеното службено лице за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации, во законски утврдениот рок и во бараната форма, освен ако информацијата веќе постои во однапред пропишана форма и е достапна на јавноста.

## Образложение

Постапувајќи по барањето, Градоначалникот на Општина Валандово, во согласност со одредбата од член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, утврди дека Општина Валандово е имател на информацијата од јавен карактер која се бара, па одлучи како во диспозитивот на Решението.

Поради причини од член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барателот може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена.

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

Изработил: С. Димитров
Контролирал/одобрил: С.Х.Јовановиќ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр.10-514/3
06-06-2023 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

ДО
[redacted]

ПРЕДМЕТ: Одговор на Ваше барање по ЗСПИЈК од 16.05.2023 година

Во врска со Вашето барање по ЗСПИЈК од 16.05.2023 година заведено под бр. 10-514/1 ОД 16.05.2023 година, во прилог Ви ги доставуваме бараните податоци од Општина Валандово и тоа:

1.Квартални извештаи за 2022 година, односно за првиот, вториот, третиот и четвртиот квартал од 2022 година се објавени на нашата веб страна линк

Kvartal 1 - https://www.valandovo.gov.mk/CMS/Upload/Dokumenti/Finansii/I_kvartal_2022_Valandovo.pdf

Kvartal 2 - https://www.valandovo.gov.mk/CMS/Upload/Dokumenti/Finansii/2kvartal_2022_Valandovo.pdf

Kvartal 3 https://www.valandovo.gov.mk/CMS/Upload/Dokumenti/Finansii/3_Kvartal_2022_Valandovo.pdf

Kvartal 4 - https://www.valandovo.gov.mk/CMS/Upload/Dokumenti/Finansii/4_kvartal_2022_Valandovo.pdf

2.Годишниот извештај за работењето на општината за 2022 е објавен на нашата веб страна ,линк:

https://www.valandovo.gov.mk/CMS/Upload/Dokumenti/Finansii/Finansiski_izvestaj_2022%20_godina.pdf

3.Граѓански буџет немаме;

4.Отчет за 2022 година-Завршна сметка за 2022 година, објавена е нашата веб страна, линк:

https://www.valandovo.gov.mk/%D0%9E%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8%D0%BD%D0%B8/%D0%A4%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%B8%D0%B8/%D0%97%D0%B0%D0%B2%D1%80%D1%88%D0%BD%D0%B8_%D1%81%D0%BC%D0%B5%D1%82%D0%BA%D0%B8.aspx

5.Спроведен граѓански форумво 2022/2023 година,линк https://www.valandovo.gov.mk/CMS/Upload/Dokumenti/Izvestai/Записник%20од%20анкетен%20прашалник%20Валандово%20за%20Буџет%202023.pdf

6./

7./

8.Стратегија за управување со ризици -во прилог линк

https://www.valandovo.gov.mk/CMS/Upload/Dokumenti/Strateski%20dokumenti/СТРАТЕГИЈА%20ЗА%20УПРАВУВАЊЕТО%20СО%20%20РИЗИЦИТЕ%20-%20Општина%20Валандово%20.pdf

9.Граѓаните редовно не присуствуваат на седниците на општинскиот Совет. Седниците се отворени и доколку граѓаните сакаат да присуствуваат треба претходно да се пријават.Но, бидејќи седниците на Совет на Општина Валандово директно и јавно се пренесуваат преку медиумот Радио Валандово, нема интерес за присуство во живо.

10.Општината ги информира граѓаните за јавните расправи или седници на Советот на кои можат да присуствуваат преку јавните гласила и медиуми.

11.Извршната власт нема организирано јавна расправа по основ Завршна сметка на општината за 2022 година.

12. При изгласувањето на Завршната сметка за 2022 година на седницата на Совет немаше присутни граѓани.

Со почит,

Општина Валандово
Лице задолжено за посредување со информации од јавен карактер
Соња Христова-Јовановиќ